РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1729/1
10-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3203/1 од 24.12.2024 година, со наводи за пристрасно постапување на социјалните служби во врска со случај на семејно насилство, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Предметот со број 12-3203/1 од 24.12.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.12.2024 година, поднесена е пријава со наводи за пристрасно постапување на социјалните служби во врска со случај на семејно насилство, и оформен е предмет број 12-3203/1 од 24.12.2024 година.
Во пријавата подносителот, без да укаже на коруптивни дејствија, изразува незадоволство од резултатот од постапувањето на социјална служба односно од поднесениот предлог за заштита.
Според наведеното во пријавата, по претрпено физичко насилство од страна на сопружник, во врска со случајот биле преземени дејствија од страна на Министерството за внатрешни работи – полициска станица ///, каде случајот, по обезбедување на лекарско уверение, бил пријавен, при што против сторителот била поднесена кривична пријава.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во врска со случајот бил оформен предмет и од страна на социјалната служба, каде бил изготвен предлог за заштита, за чија содржина подносителот на пријавата смета дека не кореспондира со фактичката состојба, бидејќи смета дека при неговото изготвување несоодветно биле земени предвид околностите кои ја загрозуваат благосостојбата на малолетните деца во бракот. Со оглед на тоа што при постапувањето на социјалната служба наводно била извршена промена на службените лица кои работеле на случајот, подносителот на пријавата се сомнева дека истото упатува на можни коруптивни дејствија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со постапување на друг надлежен орган.
Имајќи ги предвид одредбите од членот 100 став 1 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, со кои е утврдено дека Министерството за социјална политика, демографија и млади е надлежно за вршење надзор над спроведувањето на соодветните одредби од овој Закон, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе достави на надлежно постапување до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата